*До*
*Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации*
*Бул. Кочо Рацин бр. 26/1-2,*
*1000 Скопје*

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА
NDËRMARRJE PUBLIKE
RADIODIFUZIONI NACIONAL
Бр.-Nr. 03-114/3
04.03 20 24 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

***Предмет: Одговор по доставено барање пристап до информации од јавен карактер***

***Врска: Ваше Барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено во ЈП Национална радиодифузија на ден 21.02.2024 година под бр.03-114/1***

ЈП Национална радиодифузија во врска со Вашето барање заведено под горенаведениот број и датум за пристап до информации од јавен карактер, Ве известува за следното:

1. *(Прашање),*
- Име и презиме/назив на адвокати и адвокатски друштва чии услуги сте ги користеле во текот на 2023 година;

- *(Одговор),*
- **Јавното претпријатие „Национална радиодифузија“ – Скопје, во текот на 2023 година има користено адвокатски услуги од: Адвокат Владо Петров; и Адвокат Соња Стојчевска.**

2. *(Прашање),*
- За секој поединечен адвокат /адвокатско друштво доставете ни ги износите на извршените исплати и основата за секоја исплата во текот на 2023 година;

- *(Одговор),*
- **Во однос на адвокатските активности, а во врска со правните постапки водени во текот на 2023 година, во кои има учество Јавното претпријатие „Национална радиодифузија“ – Скопје, во својство на полномошник на претпријатието Адвокат Владо Петров е ангажиран за следниве 11 - (единаесет) правни постапки:**

- ***Предмет број: ПЛ1-ТС-2/23 – Основен суд Струга***
- ***Предмет број: ПЛ1-ТС-136/22 – Основен суд Штип***
- ***Предмет број: П4. БР.650/17 – Основен граѓански суд Скопје***
- ***Предмет број: 54.ПЛ1-ТС-413/21 – Основен граѓански суд Скопје***
- ***Предмет број: У-5.бр. 1251/2021 – Управен суд на РСМ***
- ***Предмет број: СТ.бр.224/18 – Основен граѓански суд - Скопје***
- ***Предмет број: П4. БР.651/17 – Основен граѓански суд Скопје***
- ***Предмет број: К.бр.244/19 – Основен суд Струмица КЖ.бр. 276/22 Апелационен суд Штип***
- ***Предмет број: КО.бр.1992/22 – Основно јавно обвинителство Скопје***
- ***Предмет број: ПЛ1-ТС-1735/22 Основен граѓански суд Скопје – И.бр.1194/23***
- ***Предмет број: К.бр.1259/17 – Основен кривичен суд Скопје***

- **По основ на извшрени адвокатски услуги, во тековната 2023 година на полномошникот на претпријатието - Адвокат Владо Петров, се извршени исплати во вкупен износ од : 1.688.315,00 денари.**
- **По основ на извршени адвокатски услуги, а во врска со правните постапки за легализација на градежни објекти на Јавното претпријатие „Национална радиодифузија" – Скопје, водени во текот на 2023 година, на полномошникот на претпријатието - Адвокат Соња Стојчевска, се извршени исплати во вкупен износ од : 201.183 денари.**

3. *(Прашање),*
- Како е избран секој од адвокатите/адвокатско друштво чии услуги сте ги користеле?

- ***(Одговор),***
- **Јавното претпријатие „Национална радиодифузија" – Скопје и Адвокат Владо Петров имаат склучено Договор за адвокатски услуги, чиј предмет е: давање на целосни адвокатски услуги за потребите на ЈП Национална радиодифузија – Скопје. Договорот е склучен 2017 година.**
- **Јавното претпријатие „Национална радиодифузија" – Скопје и Адвокат Соња Стојчевска, имаат склучено Договор за адвокатски услуги, чиј предмет е давање на целосни адвокатски усуги за легализација на имотот на ЈП Национална радиодифузија. Договорот е склучен 2022 година.**

**Информациите се дадени во Согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Р.М." број 13/2006, 86/2008, 6/10, 42/14, 148/15 и 55/16).**

**Доколку сметате дека Ви е потребна дополнителна информација, Ви стоиме на располагање.**

**Да се достави до:**

- Барателот на е-маил;
- Службено лице за посредување со информации од јавен карактер;
- Архива;

Службено лице за посредување
со информации од јавен карактер,

Кристина Чулева
Ч.Кристина

ЈП Национална радиодифузија
(Имател на информации-печат)
**Директор,**
**D-r Endrin Kadriu**

(одговорно лице – потпис)

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ НАЦИОНАЛНА РАДИОДИФУЗИЈА · NDERMARRJA PUBLIKE RADIODIFUZIONI NACIONAL · СКОПЈЕ SHKUP

ЦГК
Бр. 0202-1841
19.02. 2024 год.
СКОПЈЕ

21.02.2024
03-1141/1

**До: ЈП Национална радиодифузија**

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Од: **Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел. (02) 3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk**
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **Герман Филков, бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел. (02) 3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk**
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот барам да ни ги достави следните информации од јавен карактер:

**1. Име и презиме/назив на адвокати и адвокатски друштва чии услуги сте ги користеле во текот на 2023 година.**
**2. За секој поединечен адвокат/адвокатско друштво доставете ни ги износите на извршените исплати и основата за секоја исплата во текот на 2023 година.**
**3. Како е избран секој од адвокатите/адвокатско друштво чии услуги сте ги користеле?**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго---------------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго---------------------------------------------------------------------------

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Датум и место: Потпис:

19.02.2024